// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Службен гласник на Општина Велес | Број 11 година LVIII |
|---|---|
| Излегува по потреба | 04 јули 2022 година |
| www.veles.gov.mk | opve@veles.gov.mk |


**Број 168**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на времено користење на простории од објекти на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес**

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на простории од објекти на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.06.2022година.

Број 08-3158/1
04.07.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во согласност со член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06,13/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а во согласност со Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр. 05/15 и 11/18)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење на простории од објекти на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес им се дава на времено користење простории од недвижен имот во кои ќе ги извршуваат своите активности согласно регистриранатa дејност, а врз основа на распишан јавен повик.

**Член 2**

Простории на времено користење од недвижен имот сопственост на Општина Велес се доделува на:

1.Просторија од објект на улица „Трајко Панов“ бр.22 на КП бр.2405, заведен во ИЛ 23410 за КО Велес на:

- Урбана заедница „Димче Мирчев“
- Извиднички одред-„Димитар Влахов“ просторија евидентирана како ДП 1 со површина од 12 $м^2$, и просторија со површина од 10 $м^2$, како објект 2 од КП 2405;
- Еколошко друштво „Вила Зора”-Велес просторија евидентирана како ДП 7 со површина од 11 $м^2$;
- Друштво на родители за грижа на здраво поколение-Велес просторија евидентирана како ДП 2 со површина од 9 $м^2$;
- Здружение на граѓани младински образовен форум-Скопје и Здружение Центар на активни граѓани АКТИВО, Велес просторија евидентирана како ДП – 8 со површина од 9 $м^2$;
- Фондација за локален развој и демократија Фокус, Велес просторија евидентирана како ДП 5, со површина од 11 $м^2$;

- Спортско здружение Кајакарски кану клуб Вардар просторија на КП бр.2405, евидентирана како објект бр. 3 со површина од 12 м$^2$.
- Здружение на граѓани-Младинско драмско-поетско студио ПРЕМИЕРА Велес просторија на КП бр.2405, со површина од 9 м$^{2,}$, просторија која е доделна на УЗ и слободно користење на салата за состаноци.
- Здружение на граѓани АКЦИЈАШ-Ветерани Велес просторија на КП бр.2405 евидентирана како ДП 6 со вкупна површина од 11 м$^2$;

2. Просторија од објект на улица „11 Октомври“ бр.5 на КП бр.6795, заведен во ИЛ 30545 за КО Велес на:

- Урбана заедница „Алексо Демниевски Бауман“,
- Противпожарен сојуз на Општина Велес, просторија евидентирана како ДП 4, со површина од 7 м$^2$;
- Меѓуопштинско Здружение на лица со телесен инвалидитет на општина Велес Чашка и Градско-МОБИЛНОСТ Велес просторија евидентирана како ДП 1, со површина од 48 м$^2$;

3. Просторија од објект на улица „Тодор Јанев“ бр.7 А , на КП бр.6645, заведен во ИЛ 25069 за КО Велес на:

- Урбана заедница „9 ти Ноември“;
- Здружение на граѓани Велес Бајкинг Велес, просторија евидентирана како -голема сала;
- Здружение за заштита на човековите права на прогонетите од егејскиот дел на Македонија-Ѕвезда Велес, просторија евидентирана како ДП-1 , со површина од 12м$^2$;

4.Просторија од објект на улица „ Благој Ѓорев “ бр.35 А на КП бр.1916, заведен во ИЛ 31456 за КО Велес на:

- Урбана заедница „Трајче Панов“;
- Организација на жените на Општина Велес, просторија евидентирана како ДП 2 со површина од 7 м$^2$ и ДП 1 со површина од 9 м$^2$;
- Здружение на спортски риболовци БАБУНА-Велес просторија евидентирана како ДП 3 со површина од 42м$^2$;

5. Просторија од објект на улица „Архепископ Михаил“ 156, на КП 5736, заведен во ИЛ 31457 за КО Велес на:

- Урбана заедница „Славе Петков“;
- Здружение на лица со церебрална парализа, просторија евидентирана како ДП 1, со површина од 47м$^2$ ;

6. Просторија од објект на улица „Димитар Влахов“ бр.57, на КП 2831, заведен во ИЛ 29431, за КО Велес на:

- Урбана заедница „Богдан Каракостев“
- Општинска организација на Сојузот на борците од НОБ на Македонија 1941-1945 и граѓаните продолжувачи Велес, просторија на 3 кат евидентирана како ДП 5 со површина од 11 м$^2$ и ДП 6 со површина од 10 м$^2$;
- Визија-Центар за научна фантастика на македонија,Велес просторија на кат 3, евидентирана како ДП 9, со површина од 11 м$^2$;
- Здружение Јени Хајат Ќупурли 2000, просторија евидентирана како ДП-1 со површина од 17 м$^2$;
- Здружение „Ќупурли Дернеги“ просторија евидентирана како ДП-7 со површина од 11 м$^2$;
- Здружение на граѓани ЗЕМЈОДЕЛЦИ АГРО центар Ораовец Велес евидентирана како ДП-22 со површина од 31 м$^2$;
- Здружение на граѓани Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби Скопје подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби простории евидентирана на кат-приземје со вкупна површина од 160м$^2$.

7. Просторија од објект на улица „Цар Самоил“ бр.1 на КП бр.4810, заведен во ИЛ 31419 за КО Велес на:

- Здружение за инвалидски пензионери на Општина Велес просторија на приземје евидентирана како ДП 1 и ДП 2 со површина од 18 м$^2$ ;

- Здружение на граѓани ПОПИ Велес просторија на кат-1, евидентирана како ДП 10, со површина од 31м$^{2}$.;
- Еколошка групација Грин Пауер-Велес, просторија на кат 1, евидентирана како ДП 2 -- со површина од 9м$^{2}$;
- Планинарско друштво „Бабуна“ просторија на кат 2, евидентирана како ДП 2 со површина од 9 м$^{2}$;
- Здружение на СПОРТСКИ ВЕТЕРАНИ-ВЕЛЕС, просторија евидентирана на кат 1 како ДП 11, со површина од 17 м$^{2}$.

8. Просторија од објект на улица ул. „Алексо Демниевски Бауман“ бр.10 ,сала „Гемиџии

- Здружение за безбедност на вода и планина Македонски спасител;
- Стрип центар на Македонија Велес
- Фолклорен Ансамбал Вила Зора Велес

**Член 3**

Просториите утврдени во член 2 на оваа Одлука се даваат на времено користење од 3 години без надоместок. Доколку во објектот каде се користат просториите од здруженијата има заеднички простории (ходници, скалила, санитарии, чајна кујна и сл.), должни се истите да ги користат и одржуваат заедно по куќен ред.

**Член 4**

Здруженијата се обврзуваат редовно да ги подмируваат сметките за комунални трошоци (струја, вода и др.) и тековно да го одржува просторот.

**Член 5**

При користењето на просторијата, корисникот не смее да дозволи да има користење на истата од други лица без согласност на сопственикот.

**Член 6**

За временото користење на просторот од објектот утврден во член 2 на оваа Одлука, помеѓу Општината Велес и Здруженијата ќе се склучат Договори во кои ќе биде опишана просторијата како и правата и обврските помеѓу договорните страни.

**Член 7**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да ги склучи овие договори.

Записникот на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации е составен дел на оваа Одлука.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3143/2
01.07.2022год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Број 169**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.06.2022 година.

Број 08-3158/2
04.07.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20) и член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ", бр. 5/02), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.06.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес дава согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес.

**Член 2**

За конституирање на Локалното Собрание на млади се формира Иницијативен одбор.

Првата седница на Иницијативниот одбор ја свикува, отвора и со неа раководи највозрасниот член од избраните членови на Иницијативниот одбор.

Иницијативниот одбор го распишува повикот со цел конститутирање на Локално Собрание на млади во согласност со Статутот на општината по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативниот одбор е составен од пет (5) члена и се формира само за одржување на конститутивно Локално Собрание на млади.

Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Формите на организирање и здружување не мора да бидат регистрирани со седиште во Општина Велес, но мора да имаат активности на територијата на Општина Велес.

**Член 3**

Јавниот повик трае седум (7) работни дена, сметано од денот на објавувањето.

Јавниот повик во себе содржи, услови и начин на избор на членовите на Иницијативниот одбор.

Јавниот повик се објавува во електронска форма на интернет страницата на Општина Велес.

Пристигнатите пријави согласно Јавниот повик ќе ги разгледува посебно формирана Комисија, формирана од Градоначалникот на Општина Велес, која ќе даде предлог Мислење до Градоначалникот за избор на членови на ИО.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3143/3
01.07.2022год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Број 170**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Индустрија (И) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Индустрија (И) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.06.2022 година.

Број 08-3158/3
04.07.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14,64/15, 217/15 и 52/16), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Индустрија (И) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба за пренамена на површина со класа на намена Индустрија (И) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес и тоа:

1. КП бр.16415 за КО Велес

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3143/4
01.07.2022год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Број 171**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.06.2022 година.

Број 08-3158/4
04.07.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Велес со намена А1-домување во станбени куќи, во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр. 10891/1 за КО Велес

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3143/5
01.07.2022год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Број 172**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Ораовец**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Ораовец, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.06.2022 година.

Број 08-3158/5
04.07.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21 ), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Ораовец**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Башино село, со намена А4-викенд куќи во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр. 320 за КО Ораовец

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3143/6
01.07.2022год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Број 173**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.06.2022 година.

Број 08-3158/6
04.07.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.06.2022 год. Донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува постапката за доделување средства од Буџетот на Општина Велес на жители на Општината кои се нашле во состојба од потреба за користење средства во вид на еднократна парична помош (во понатамошниот текст -средствата).

**Член 2**

Средства што ќе се доделуваат се планирани во годишниот буџет на Општина Велес, во повеќе програми, во зависност од потребата на доделување на еднократната парична помош.

**Член 3**

Право на доделување на средства од Буџетот на Општина Велес имаат:
-здруженија и поединци кои вршат афирмација и претставување на општината во земјата и странство со учество и пласмани во натпреварувања од областа на спортот, културата и др.

-физички лица, жители на општината кои претрпеле штети од елементарна непогода – пожари;

- физички лица, жители на општината од категорија на граѓани со висок степен на социјална и здравствена неповолна состојба.

**Член 4**

Средства кои ќе се определат од Буџетот на Општина Велес за доделување имаат за цел да се помогне на жителите на Општината кои се нашле во состојба од потреба за користење средства во вид на еднократна парична помош и се определуваат на следниов начин:

- Средства за намена од член 3 , став 1, алинеа 1 се движат во максимален износ до 25.000 денари;
- Средства за намена од член 3 , став 1, алинеа 2 се движат во максимален износ до 45.000 денари;
- Средства за намена од член 3 , став 1, алинеа 3 се движат во максимален износ до 35.000 денари;

**Член 5**

Средствата можат да се искористат по претходно поднесено барање со документација со која се потврдува потребата од парични средства до Комисијата за финансирање и Буџет при Советот на Општина Велес и одобрени со решение од Советот на Општина Велес.

**Член 6**

Комисијата за финансирање и Буџет при Советот на Општина Велес при разгледувањето на барањата за еднократна парична помош ќе се води од определените критериуми за доделување на финансика помош, утврдени со посебен акт донесен од Советот на Општина Велес.

Во посебниот акт ќе се утврдат критериумите за доделување финансиски средства за секоја категорија, висината на средствата, потребата документација, роковите и начинот на постапката по поднесеното барање до донесување на решение за исплата.

**Член 7**

Средствата од Буџетот на Општина Велес можат да се користат само еднаш во текот на календарската година, освен за исклучителни случаеви за кои Комисијата одлучила и дала предлог до СОВ за донесување на решение.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-3143/7
01.07.2022год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Број 174**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Правилник за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за донесување Правилник за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.06.2022 година.

Број 08-3158/7
04.07.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.06.2022год., донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите и начинот за доделување средства од Буџетот на Општина Велес од програмата АО-Совет на Општина Велес.

**Член 2**

Средствата ќе се доделуваат исклучиво на баратели кои по приложена соодветна документација, ќе се утврди дека го усполниле условот да добијат средства од Буџетот на Општина Велес.

Средствата се засметуваат како еднократна парична помош.

Средствата како еднократна парична помош, барателот може да го оствари само еднаш во текот на годината.

**Член 3**

Барањето, заедно со документација која ја поседува барателот се доставува до архива во Општина Велес, на посебен образец – Барање за одобрување на средства како помош, кое е составен дел на овој Правилник.

Доколку кон барањето не е доставена потребната документација, истото нема да биде предмет на рзгледување.

**Член 4**

Висината на паричната помош во неколку категории, е определена од Советот на Општина Велес со посебно донесен акт.

Одобрените средства се пренесуваат исклучиво на сметка на барателот –корисникот, преку Одделението за финансиска помош при општина.

**Член 5**

Право на доделување на средства од Буџетот на Општина Велес имаат:

-здруженија и поединци кои вршат афирмација и претставување на општината во земјата и странство со учество и пласмани во натпреварувања од обласста на спортот, културата и др.

-физички лица, жители на општината кои претрпеле штети од елементарна непогода – пожари;

- физички лица, жители на општината од категорија на граѓани со висок степен на социјална и здравствена неповолна состојба.

**Член 6**

Како критериуми/услови за доделување средства за категоријата граѓани утврдена во член 5 став 1 алинеа 1 се определуваат:

- да се жители на општина Велес;
- да има учество на домашни или странски натпреварувања;
- достава на покана или друга докумнетација која го појаснува претставувањето или натреварувањето;
- достава на портфолио или лична биографија за учество во активности од соодветната област;
- доколку претставувањето на градот е поединечно или екипно, висината на средствата се одобрува по предлог на Комисијата.

За исклучоци од овие услови одлучува Комисијата за финансирање и Буџет при Советот на Општина Велес.

**Член 7**

Како критериуми/услови за доделување средства за категоријата граѓани утврдена во член 5 став 1 алинеа 2 се определуваат:

- да се жители на општина Велес;
- да се сопственици на имотот на кој е сторена материјалната штета;
- да поседуваат записи од направена материјална штета, издадена од надлежни органи (ТППЕ Велес и МВР – СВР Велес).

За исклучоци од овие услови одлучува Комисијата за финансирање и Буџет при Советот на Општина Велес.

**Член 8**

Како критериуми/услови за доделување средства за категоријата граѓани утврдена во член 5 став 1 алинеа 3 се определуваат:

- да се жители на општина Велес;
- да се докаже социјалната и здравствената неповолна состојба со докумен-тација од соодветна институција.

За исклучоци од овие услови одлучува Комисијата за финансирање и Буџет при Советот на Општина Велес.

**Член 9**

Сите поднесени барања до СОВ во сите области од категориите на граѓани одредени со овој Правилник се распоредуваат до Комисијата за финансирање и Буџет. На своја посебно закажана седница ги разгледува и одлучува по нив. По ова истата доставува предлог до Советот на Општина Велес за доделување на средства од Буџетот на Општина Велес, како еднократна парична помош.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3143/8
01.07.2022год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Број 175**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година, што Советот на Општина Велес, го донесе на седницата одржана на 30.06.2022 година.

Број 08-3158/8
04.07.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година**.

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3143/9
01.07.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/02), член 95, став 1 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), а согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ” бр. 193/16 и 72/2018 ), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.06.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година**

.Во Програмата за уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.19/21, 1/22 и 6/22) се вршат следните изменувања и дополнувања:

- **во табелата Расходи со средства од Буџетот на општина Велес**,

во програма Ј – Комунални дејности, вкупниот износ 113.755.528,00 денари останува непроменет.

Подпрограмата Ф20 Уредување на градежно земјиште износот 3.400.000,00 се брише и се заменува со 2.720.000,00 денари.

Во точка 1 . Надзор на изведбата на градежни објекти износот од 1.000.000,00 денари се брише и се заменува со 800.000,00 денари.

Во точка 2. Геодетски услуги износот од 2.000.000,00 денари се брише и се заменува со 1.520.000,00 денари.

Подпрограмата Ф30 Уредување на простор во рурални подрачја, износот 5.000.000,00 се брише и се заменува со 5.700.000,00 денари.

Во точка 1 Асфалтирање или бетонирање на улици во рурални подрачја (Дурутовец, Иванковци, Башино село, Раштани, Сујаклари, Караслари, Отовица, село Бузалково, село Горно Оризари, село Мамутчево, село Црквино и др.), износот од 5.000.000,00 денари се брише и се заменува со 5.700.000,00 денари.

Во подпрограма Ј комунални дејности износот 101.355.528,00 денари се брише и се заменува со 101.335.528,00 денари.

Во подпрограма Ј00 Одржување на урбана опрема, износот 800.000,00 денари се брише и се заменува со 640.000,00 денари.

Во точка 1 Одржување на разна урбана опрема, поправка, замена и фарбање на столбчиња, парапети , канделабри, огради и останати елементи (заштитна ограда на игралиште на ул."Димко Најдов", плоштад Којник и др.), износот од 800.000,00 денари се брише и се заменува со 640.000,00 денари.

Во подпрограма ЈН0 Урбана опрема (капитални расходи), износот 1.800.000,00 денари се брише и се заменува со 1.440.000,00 денари.

Во точка 2 Ракохвати и огради во високите зони од градот, износот од 500.000,00 денари се брише и се заменува со 300.000,00 денари.

Во точка 4 Одржување на украсни фонтани во град Велес, износот од 400.000,00 денари се брише и се заменува со 240.000,00 денари.

Во подпрограма ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување, износот 3.000.000,00 денари се брише и се заменува со 2.400.000,00 денари.

